Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерот за животна средина и просторно планирање, донесува:

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање

### Член 1

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година, 01-1832/2 од 12.03.2018 година, 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-3932/1 од 16.07.2019 година, 01-4222/1 од 31.07.2019 година, 01-4222/4 од 04.09.2019 година, 01-4222/5 од 07.10.2019 година, 01-4222/7 од 15.10.2019 година, 01-6478/3 од 30.12.2019 година, 01-7008/1 од 30.12.2019 година, 04-1604/1/1 од 02.03.2020 година и 01-4510/1 од 30.10.2020 година, 01-4583/1 од 05.11.2020 година, 01-5091/1 од 04.12.2020 година, 01-70/1 од 05.01.2021,година, 01-863/2 од 12.02.2021 година , 01-877/3 од 17.02.2021 година,01-3372/2 од 09.07.2021 година, 01-5171/2 од 18.11.2021 година, 01-5172/2 од 12.11.2021 година , 01-5292/2 од 12.11.2021 година, 01-5784/2 од 13.12.2021 година , 01-6623/2 од 22.09.2022 година и 01-6370/8 од 19.10.2022 година, и тоа:

### Член 2

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА), Одделение За програмирање и мониторинг на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во работното место со реден број 71, со шифра УПР 01 01 В01 000 назив на работно место – Советник за програмирање и мониторинг на инфраструктурни проекти, во делот на вид на образование се додаваат зборовите "Инженерство и технологии"

### Член 3

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за води, Одделение за планирање и развој на водите, во работното место со реден број 223, со шифра УПР 01 01 Г01 000 назив на работно место – Самостоен референт за база на податоци и информирање, во делот на вид на образование зборовите "Вишо / Средно образование – геодезија" се заменуваат со зборовите "Вишо / Средно гимназиско или стручно образование"

## Член 4

Во делот табеларен приказ на работни места, во Одделение за стратешко планирање, после работното место со реден број 10, со шифра УПР 01 01 Б04 000 и назив Раководител на Одделение за стратешко планирање, се додава ново работно место со реден број 10а, кое гласи

| | |
|---|---|
| **2. Одделение:** | **Одделение за стратешко планирање** |
| Реден број | 10а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | Стручен – I ниво |
| Звање | советник |
| Назив на работно место: | **Советник за подготовка на стратешки документи, програми и планови** |
| Број на извршители: | 1 |
| Одговорен пред: | Раководителот на одделение |
| Вид на образование: | Природни науки, |
| Работни цели | Спроведување на одредени функции од делокругот на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи од областа на стратешкото планирање |
| Работни задачи и обврски | |
| ги извршува најсложените работи и задачи кои се вршат во одделението во кое е распореден, со повремени упатства и надзор од страна на раководителот на одделението;<br>врши истражување и анализа на стратешки документи и програми на национално и меѓународно ниво;<br>учествува во подготовката на стратешки документи, програми и планови;<br>спроведува активности за планирање и подготовка на стратешки програми;<br>учестува во изработка и доставување на извештаи за степен на спроведување на стратешки документи, програми и планови и активно соработува и гради партнерство со сите заинтересирани субјекти во процесот на подготовка на документите, програмите и плановите (други министерства и органи на државна власт, приватен и научен сектор, НВО и други институции).<br>во текот на својата работа ги вградува препораки од меѓународни договори во процесот на изработка на стратешки документи, програми и планови доверени од непосредниот раководител и се грижи за мониторинг и евалуација на спроведување на стратешките документи, програми и планови врз основа на | |

| | |
|---|---|
| | индикатори, како и за изработката и доставувањето на извештаи за степен на спроведување на истите. |
| | води евиденција на донесените стратешки документи;<br>непосредно одговара за својата работа пред раководителот на одделението, одговара за својата работа во рамките на своите овластувања и врши работи доверени од раководителот на одделението. |

**Член 5**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Сектор за животна средина, Одделение за заштита од бучава во животната средина, во работното место со реден број 268, со шифра УПР 01 01 В01 000 назив на работно место - Советник за изработка и следење на Годишна програма за бучава, во делот на бројот на извршители, бројот „2 " се заменува со бројот „1".

**Член 6**

Во делот табеларен приказ на работни места, во Одделение за управување со човечки ресурси во работното место со реден број 13, со шифра УПР 01 01 В01 000 назив на работно место – Советник за вработување, унапредување, мобилност и стручно усовршување, во делот на вид на образование се додаваат зборовите "Општествени науки, други општествени науки "

**Член 7**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на правилникот се вршат изменувањата и дополнувањата и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Министер
**NASER NUREDINI**

Број 01-8470/1
12. 12. 2022